Бр./Nr 12 - 1250/2

05 -09- 2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на 31.08.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1250/1 од 22.02.2023 година, со наводи против генералниот секретар на ----------------------------------------------- и назначување на кадри на ------------ во различни институции, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1250/1 од 22.02.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 26.05.2022 година, доставена е пријава со наводи против генералниот секретар на --------------------------------------------- и назначување на кадри на ------- во различни институции и е оформен предмет заведен под архивски број 12-1250/1 од 22.02.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека напорите на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина за обезбедување оброк за крводарителите се нарушени од повеќе лица. Подносителот наведува дека генералниот секретар на ------------------------------------------------------------------ – ---------- со фалсификуван мандат не дава отчет за средства по крводарител кои се слеваат од буџетот и од Министерството за здравство до оваа организација. Дополнително се наведува дека ова лице нема отчет дали обезбедените донации завршиле кај семејствата на загинатите од несреќата на ------------. Дополнително се укажува дека ----- продуцира хаос со свои кадри во оваа област. Имено, се наведува дека директорот на ------------------------------------------------------------------------------ има блиски лица кои работат во други институции од здравствениот сектор, како и останати институции и истите злоупотребиле големи парични средства.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавеното лице ----------- не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај согласно со одредбите од овој закон.

Во однос на наводите дека лицето ----------------- има блиски лица кои работат во други институции, ДКСК оцени дека нема конкретни наводи за судир на интереси и јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**